INTERNATIONAL MONETARY FUND

COMMUNICATIONS DEPARTMENT

Соопштение за медиуми бр.15/85
ЗА ОБЈАВА ВЕДНАШ
2 март 2015 год.

Меѓународен монетарен фонд
Washington, D.C. 20431 USA

**Поранешна Југословенска Република Македонија ја заврши предвремената отплата на вкупните останати обврски кон ММФ**

На 27 февруари 2015 година Поранешната Југословенска Република Македонија предвремено целосно ги отплати вкупните останати обврски кон Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во висина од СДР 123,125 милиони (околу УСД 173,3 милиони). Овие обврски произлегоа од средствата повлечени од Линијата за претпазливост и ликвидност (претходно насловена Кредитна линија за претпазливост) одобрена во јануари 2011 година (видете од соопштението: https://www.imf.org/external/np/sec/pr/2011/pr1114.htm). Според оригиналниот план на отплата финалната отплата требаше да биде во март 2016 година.

Извршниот директор на ММФ, г-ѓа Кристин Лагард изјави: „Ја поздравувам одлуката на Поранешната Југословенска Република Македонија за предвремена отплата на останатите обврски кон Фондот, што го рефлектира подобрениот пристап на земјата кон меѓународните пазари на капитал. Ние очекуваме продолжување на близок и конструктивен дијалог со македонските власти."

На 15 јануари 2015 година Извршниот одбор на Меѓународниот монетарен фонд го заврши четвртиот и последен пост-програм мониторинг со Поранешната Југословенска Република Македонија (видете од соопштението: http://www.imf.org/external/np/sec/pr/2015/pr1516.htm ).